COMMITTEE OF MINISTERS
COMITÉ DES MINISTRES

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

**MINISTERS' DEPUTIES**
**DÉLÉGUÉS DES MINISTRES**

Resolutions
Résolutions

**CM/Res(2020)2**

22/01/2020

---

# Resolution on the Council of Europe youth sector strategy 2030

*Unofficial translation into Macedonian*

# Résolution relative à la Stratégie du Conseil de l'Europe pour le secteur jeunesse à l'horizon 2030

*Traduction non-officielle en macédonien*

# Резолуција CM/Res(2020)2 за Стратегијата за младински сектор до 2030 год. на Советот на Европа

---

*© Council of Europe, original English and French versions*

*Text originated by, and used with the permission of, the Council of Europe. This unofficial translation is published by arrangement with the Council of Europe, but under the sole responsibility of the translator.*

* * * * *

*© Conseil de l'Europe, versions originales en anglais et français*

*Le texte original provient du Conseil de l'Europe et est utilisé avec l'accord de celui-ci. Cette traduction est réalisée avec l'autorisation du Conseil de l'Europe mais sous l'unique responsabilité du traducteur.*

COMMITTEE OF MINISTERS
COMITÉ DES MINISTRES
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

**ЗАМЕНИЦИ МИНИСТРИ** Резолуции **CM/Res(2020)2** 22 Јануари 2020 год.

# Резолуција CM/Res(2020)2 за Стратегијата за младински сектор до 2030 год. на Советот на Европа

*(Усвоена од Комитетот на министри на 22 јануари 2020 година)*
*на 1365иот состанок на Замениците министри)*

Комитетот на министри,

Земајќи ги предвид декларацијата и акциониот план усвоени на 3от самит на шефови на држави и влади на Советот на Европа, во Варшава во мај 2005 година, на кој беше потенцирано дека „Советот на Европа понатаму ќе ја развива својата единствена позиција во областа младина“;

Имајќи ја предвид декларацијата усвоена од Комитетот на министри на 129та седница во Хелсинки во мај 2019 година по повод 70-годишнината од Советот на Европа, во која, меѓу другото, се потенцира дека „повеќе од било кога порано европското единство треба да се соочи и со новите предизвици, кои им се закануваат на нашите општества. За Организацијата е од витално значење брзо и ефикасно да реагира на проблемите што се појавуваат во земјите-членки. (…) Движејќи се кон таа цел, се обврзуваме да ја јакнеме единствената улога на Советот на Европа како делотворна рамка за паневропска соработка.“;

Имајќи ја предвид истата декларација, во која понатаму авторите ја препознаваат „клучната улога на граѓанското општество“ и се обврзуваат на „ осмислен и транспарентен дијалог со граѓанското општество на сите нивоа на нашето ангажирање“;

Во таа смисла, истакнувајќи ја важноста на системот за ко-управување на Советот на Европа во областа на младите како актуелен пример на партиципативна демократија, кој претставува комбинација на гласовите на младите Европејци и оние на јавните власти надлежни за младинските прашања во Заедничкиот совет за млади (ЗСМ – CMJ);

Имајќи ги предвид Европската конвенција за култура и Рамковната конвенција на Советот на Европа за заштита на националните малцинства;

Имајќи ја предвид Декларацијата од 8та Конференција на министрите на Советот на Европа надлежни за младите, насловена „Иднината на младинската политика на Советот на Европа: Агенда 2020“ усвоена во Киев во октомври 2008 година и Резолуцијата CM/Res (2008)23 за младинската политика на Советот на Европа, усвоена од Комитетот на министри на 25 ноември 2008 година;

Имајќи ги предвид достигнувањата и поуките од Агендата 2020;

Потсетувајќи на потребата од зачувување и унапредување на главните правни придобивки на Советот на Европа во областа на младинската политика, вклучително и Препораката CM/Rec (2019)4 на Комитетот на министри до земјите-членки за поддршка на младите бегалци во нивниот премин кон зрелоста, Препораката CM/Rec (2017)4 на Комитетот на министри до земјите-членки за младинска работа, Препораката CM/Rec (2016)7 на Комитетот на министри до земјите-членки за пристапот на младите до правата, Препорака CM/Rec (2015)3 на Комитетот на министри до земјите-членки за пристапот до социјални права на младите луѓе од загрозените населби, Препорака CM/Rec (2010)7 на Комитетот на министри до земјите-членки за Повелбата на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и за човекови права, Препорака Rec (2006)14 на Комитетот на министри до земјите-членки за граѓанство и учество на младите во јавниот живот, Препораката Rec (2004)13 на Комитетот на министри до земјите-членки за учество на младите во локалниот и регионалниот живот, Препораката Rec (2003)8 на Комитетот на министри до земјите-членки за промовирање и признавање на неформалното образование/учење на младите и Декларацијата

Decl(29.05.2019) на Комитетот на министри до земјите-членки за оставината на младинската кампања на движењето „Не на говорот на омраза“;

Имајќи ги предвид Стратегијата на Советот на Европа за правата на детето (2016-2021), Стратегијата за родова еднаквост на Советот на Европа (2018-2023), Стратегијата за попреченост на Советот на Европа (2017-2023), Тематскиот акционен план за вклучување на Ромите и Патувачите (Номадите) (2016-2019), Препораката 1805 (2007) на Парламентарното собрание на Советот на Европа за богохулење, верски навреди и говор на омраза кон лица врз основа на нивната религија и работата на Советот на Европа на полето на управување со Интернетот и вештачка интелигенција;

Имајќи ја предвид Резолуцијата на Советот на Европската унија и претставниците на владите на земјите-членки на состанокот во рамките на Советот за „рамка за европска соработка во областа на младите: Стратегија за млади на Европската Унија за периодот 2019-2027“, во која конкретно се потенцира дека „треба да се охрабрат понатамошни синергии со работата што ја спроведува Советот на Европа во оваа област“;

Имајќи ја предвид Резолуцијата на Обединетите нации A/RES/70/1 усвоена од Генералното собрание на 25 септември 2015 година „Менувајќи го нашиот свет: Агенда за одржлив развој до 2030 година“ и стратегија за млади на Обединетите нации „Млади 2030: Работа со младите и за младите”;

Препознавајќи ја важноста за постигнување кохерентност и синергија со работата на сите релевантни меѓународни чинители во областа на младите, а особено со Европската Унија и Обединетите Нации;

Потсетувајќи дека одржливоста на секое демократско општество зависи од креативноста, динамизмот, општествената посветеност и компетенциите на неговите млади ;

Повторно потврдувајќи го единствениот географски опсег и улогата на младинскиот сектор на Советот на Европа и неговите инструменти, вклучувајќи го системот за ко-управување, Европските младински центри во Стразбур и Будимпешта, Европската младинска фондација и партнерството со Европската Комисија во областа на младите, а во вклучувањето на младите луѓе во прашањата кои се однесуваат на Европа и вредностите на демократијата и човековите права;

Земајќи ја предвид неопходноста Советот на Европа кохерентно и наменски да инвестира во младите применувајќи пристап насочен на можности, особено со помагање на земјите-членки во развивање на младинска политика во склад со стандардите на Советот на Европа;

Имајќи ги предвид предизвиците со кои младите луѓе постојано се соочуваат, како во смисла на недостаток на можности што им се нудат така и во смисла на се повисок ризик од несигурност, но сепак убедени во нивниот значителен потенцијал а со тоа и нивната пресудна улога во промовирањето на суштинските вредности на Советот на Европа;

Подвлекувајќи го специфичниот придонес на Младинскиот сектор на Советот на Европа од 1972 год. во правец на целите на Организацијата и нејзиниот капацитет да развие соодветни одговори на нови ситуации и предизвици, на пример во областа на климатските промени, вештачката интелигенција и управувањето со Интернет;

Истакнувајќи ја важноста од воспоставување на нова стратешка рамка за периодот 2020-2030 во овој контекст;

Имајќи го предвид постојниот документ на Советот на Европа за стратегијата за младинскиот сектор до 2030 год., усвоен од Заедничкиот совет за млади во октомври 2019 година;

1. Решава дека целта на Младинскиот сектор на Советот на Европа треба да биде овозможување на младите низ цела Европа активно да ги одржуваат, бранат, промовираат и имаат корист од суштинските вредности на Советот на Европа односно човековите права, демократијата и владеењето на правото, особено со:

- зајакнување на пристапот на младите луѓе до правата, така што овие млади луѓе и сите форми на младинско граѓанско општество можат да сметаат на окружување погодно за целосно остварување на сите нивни човекови права и слободи, вклучително и конкретни политики, механизми и ресурси;

- продлабочување на знаењата на младите, така што демократскиот ангажман на младите е поддржан од задници во кои се практикува создавање знаење и експертиза;

- проширување на учеството на младите, така што младите луѓе имаат значајно учество во донесувањето одлуки, засновани на широк општествен и политички консензус за поддршка на вклученоста, партиципативното управување и отчетноста;

2. Решава дека следново треба да се смета како тематски приоритет на Стратегијата за младински сектор на Советот на Европа до 2030 година и треба да служи како извор на информации за неговата работа до 2030 год.:

а. ревитализација на плуралистичката демократија, со посебен акцент на:

- зголемување на капацитетот на младинското граѓанско општество за унапредување на партиципативната демократија и демократско граѓанство во склоп на нивното членство но и пошироко;

- спроведување на повеќе политики и процеси на управување на осмислен, партиципативен начин, вклучување на различни групи млади и нивни претставници/организации;

- зајакнување на младинската политика и младинска работа во отстранување на бариерите за учество на младите;

- подобрување на институционалните одговори на новите движења во демократијата, како што се менување на обрасците на учество на младите, дигитализација или управување со Интернет;

б. пристап на младите до правата, со посебен акцент на:

- понатамошен напредок во спроведувањето на стандардите на Советот на Европа за пристап на младите до правата;

- засилено градење на капацитети и ресурси за младински организации и други релевантни чинители за да се обезбеди едукација за човекови права и да се обезбеди залагање за пристап до правата;

- подобрување на институционалните одговори на новонастанатите прашања кои влијаат на правата на младите и нивниот премин кон зрелоста, како што се, но не ограничувајќи се на, ефектите од климатските промени и деградацијата на животната средина, вештачката интелигенција, дигиталниот простор, зголемената мобилност и новите форми на вработување;

в. соживот во мирни и инклузивни општества, со посебен акцент на:

- подобро подготвување на чинителите да се справат, од една страна со предизвиците за градење на инклузивни општества преку политики, програми и проекти кои ја прифаќаат различноста и од друга страна за ефикасно следење и борба против дискриминацијата, насилството и исклучувањето;

- овозможување на младите, вклучително и оние кои доживуваат каква било форма на дискриминација и исклучување, да ги искористат можностите кои ќе ја развијат нивната посветеност кон демократското граѓанство и практикувањето на истото;

- позначајно вградување на клучните темели, како што се европското единство, глобалната солидарност, мирот, различноста, меѓу-културниот и меѓу-генерацискиот дијалог и одржливоста на животната средина во политиката, практиката и истражувањето во рамките на младинскиот сектор но и пошироко;

- зајакнување на капацитетите, делувањето и лидерството на младите во правец на спречување на насилство, трансформирање на конфликти и градење култура на мир преку значителна поддршка за финансирање, градење мрежи и препознавање на целокупната разновидност на младите и нивните начини на организирање;

г. младинска работа, со посебен акцент на:

- зајакнување, препознавање и унапредување на политиките и практиките за младинска работа преку нивно вградување во рамките на младинската политиката, особено преку

Европската агенда за младинска работа и нејзиното спроведување, во тесна соработка со Европската Унија;

- подобрување на квалитетот на младинската работа реализирана како од волонтери така и од платени младински работници;

- проширување на пристапот и привлечноста на младинската работа и неформалното образование/учење во корист на поширока популација на млади луѓе;

3. Решава дека горенаведените приоритети треба да бидат поткрепени со следниве принципи, преку кои Советот на Европа соработува со младите луѓе: меѓусебно почитување и доверба, инклузивност, постојана посветеност, учество, правичност, транспарентност и соработка;

4. Решава дека горенаведените приоритети треба да се спроведат преку:

- Меѓувладина соработка на паневропско ниво за развој и примена на младинската политика, заснована на стандардите на Советот на Европа

- помош за развој на младинската политика во земјите-членки преку билатерални и мултилатерални мерки за поддршка;

- градење на капацитети на млади кои ќе бидат мултипликатори (младински лидери и младински работници), особено преку Европските младински центри и нивните програми за образование и обука;

- добро управување и учество на младите, особено преку системот на ко-управување, кој ги собира младите луѓе и претставниците на владите за заедничко донесување одлуки, што треба да биде главната платформа за развој на европски консензус, легитимитет на тематиката на младите и нејзино прифаќање од сите чинители, како и простор за политичка и меѓу-институционална соработка;

- финансиска поддршка за развој на младинското граѓанско општество, особено преку Европската младинска фондација;

- иновации во младинската работа, младинската политика и младинските истражувања;

- соработка помеѓу креаторите на политики, практичари и истражувачи во областа на младината;

- развивање на квалитет и поставување на стандарди во областа на младинската политика;

- соработка со Европската унија и партнерства со други чинители и служби вклучени во области релевантни за младинскиот сектор на Советот на Европа;

- проактивно вклучување на младите во главните случувања и меѓу-секторска соработка во рамките на Советот на Европа;

- проактивно допирање до млади луѓе кои се наоѓаат во неповолна положба и нивно ангажирање;

- предвидување на идните трендови, предизвици и можности;

5. Решава дека оваа стратегија треба да се спроведува со помош на следниве инструменти со кои располага Младинскиот сектор на Советот на Европа, а кои се меѓусебно поврзани и меѓусебно зависни:

- релевантните ко-управувани тела на Младинскиот сектор на Советот на Европа, кои треба да развиваат програми за активности засновани на оваа Резолуција и, по потреба, да доставуваат предлози за стандарди до Комитетот на министри;

- Европските младински центри и Европската младинска фондација, кои треба и понатаму да бидат поддржувани во нивната улога за развој и зајакнување на европската младинска соработка заснована на суштинските вредности на Советот на Европа;

- партнерството со Европската Комисија во областа на младите, чија поддршка треба да продолжи, како пример за добра соработка меѓу два партнера;

6. Решава дека оваа Стратегија треба да се спроведе  во дело и периодично да се проценува преку последователните програми и буџети на Советот на Европа до 2030 год. и дека Заедничкиот совет за млади (ЗСМ-CMJ) треба следствено да направи извештај на имплементацијата.